SCBL

## Проект: Зајакнување на административните капацитети за имплементација на законската рамка за стечај и ликвидација на трговските друштва

**Советување на тема „ Управување со стечајната постапка - нормативни аспекти и судска практика“**

На 21. март во Скопје е одржано трето, од осумте предвидени советувања за стечајната постапка. Во рамките на темата „ Управување со стечајната постапка - нормативни аспекти и судска практика“ елаборирани се основните начела на стечајната постапка, како и правата и обврските на стечаните судии, стечајните управници и на одборите на доверители.

Советувањето е одржано во рамките на проектот „Зајакнување на административните капацитети за имплементација на законската рамка за стечај и ликвидација на трговските друштва„ и на него присуствуваа претставници на Министерството за економија, стечајни судии и судии кои работат на предмети што произлегуваат од стечајната постапка, стечајни управници, правници, како и претставници на други заинтересирани институции.



На советувањето беше посочено дека од вкупно околу 1.800 отворени стечајни постапки во државата 1000 се отворени паралелно со бришењата од Трговскиот регистер по службена должност, а по информирањето на УЈП од страна на Централниот регистер на РМ.
И на ова, третото советување посветено на стечајната постапка, укажано е на потребата од натамошно усогласување на законската рамка и хармонизација со ЕУ легислативата, како и со праксата на земјите-членки. Така на пример, за разлика од македонското законодавство во Германија не се оди само на дефинирање на правата и обврските на органите во стечајната постапка – фокусот е на регулирањето на начинот на избор на органите на управување за стечајот и на нивните права и обврски.

Проектот се реализира од Инструментот за претпристапна помош (ИПА) на Европската унија и се имплементира од страна на конзорциум предводен од Pohl Consulting & Associates, во партнерство со Ernst&Young.

Скопје, 21.03.2017